РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Врз основа на член 31 став 2 точка 2 и член 111-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06,136/08,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 43/20 ) и член 66 став 1 и 6 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-1322/1 донесен на 06.07.2017 година и Одлуката за измена на Деловникот на Државната изборна комисија бр.08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на **06.03.2020** година донесе:

# УПАТСТВО
# ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ГЛАСАЊЕ ВО ПОСЕБНИ УСТАНОВИ ЗА ВОНСЕМЕЈНА ГРИЖА
## (ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Министерството за труд и социјална политика, најдоцна 30 дена пред денот определен за избори, врз основа на сопствена евиденција и врз основа на доставените податоци од одговорните лица во установите за вонсемејна грижа, до Државната изборна комисија доставува податоци за лицата кои се пријавиле за гласање во установи за вонсемејна грижа.

2. За спроведување на гласањето во установи за вонсемејна грижа се изготвуваат посебни изводи од Избирачкиот список, за гласање на граѓаните кои за време на изборите се згрижени во установи за вонсемејна грижа.

3. Посебните изводи од Избирачкиот список се изготвуваат во два примерока, и тоа за избирачите кои на денот на изборите се згрижени во посебни установи за вонсемејна грижа едниот примерок е систематизиран според избирачкото место или општината и во забелешката стои општината во која се наоѓа установата, а вториот примерок е систематизиран според установата и општината каде што се наоѓа и во забелешката стои бројот на избирачкото место и општината на која припаѓа тоа избирачко место.

## II. ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА ГЛАСАЊЕ ВО УСТАНОВИ ЗА ВОНСЕМЕЈНА ГРИЖА

1. Избирачите кои на денот на гласањето се згрижени во посебни установи за вонсемејна грижа, имаат право да гласаат во установата каде што се згрижени, по претходна пријава до одговорното лице на установата каде се згрижени.

2. Одговорните лица во установите за вонсемејна грижа се должни да ги известат лицата во тие установи дека имаат можност за време на јавниот увид да се пријават за гласање во установата за вонсемејна грижа.

3. За лицата кои сакаат да гласаат во посебните установите за вонсемејна грижа, одговорните лица во установата им даваат „пријава за гласање во установа за вонсемејна грижа".

4. Во пријавата за гласање се внесуваат следните податоци:
   4.1 За избирачот:
   - Име и презиме;
   - Име на еден родител;
   - ЕМБГ;
   - Адреса на живеење според лична карта.

   4.2 За установата за вонсемејна грижа:
   - Назив на установата;
   - Адреса;
   - Населено место;
   - Општина.

5. Одговорните лица во установите за вонсемејна грижа, најдоцна до завршувањето на јавниот увид, ќе достават известување до Министерството за труд и социјална политика со податоци за избирачите кои сакаат да гласаат во установата. Министерството за труд и социјална политика е должно веднаш да ги достави пријавите за гласање во установа за вонсемејна грижа во електронска форма до Државната изборна комисија. Даденото известување се однесува и на првиот и на вториот круг на гласање.

## III. МАТЕРИЈАЛИ ЗА ГЛАСАЊЕ

1. За секоја установа за вонсемејна грижа ќе се подготват посебни изводи од Избирачкиот список за гласање на лицата кои се згрижени во установата систематизирани според општините во кои имаат постојано место на живеење.

2. За гласање на избирачите кои на денот на гласањето се згрижени во установите за вонсемејна грижа посебно ќе се испечатат гласачки ливчиња според установата за вонсемејна грижа каде се наоѓаат и според општината во која имаат постојано место на живеење. Притоа, ќе се испечатат онолку гласачки ливчиња колку што има запишани избирачи во посебните изводи од Избирачкиот список.

3. Гласачкиот материјал за гласање во установата за вонсемејна грижа посебно спакуван ќе биде доставен до општинската изборна комисија надлежна за спроведување на гласањето заедно со доверливиот материјал (посебни изводи од избирачкиот список, гласачки ливчиња, записници за секоја општина посебно, пликови).

## IV. ПРЕДАВАЊЕ НА ГЛАСАЧКИОТ МАТЕРИЈАЛ ОД ОИК НА ИО

1. Општинската изборна комисија на чие подрачје се наоѓа установата за вонсемејна грижа на избирачкиот одбор му го предава материјалот за гласање и тоа:
- Посебните изводи од Избирачкиот список на избирачите кои се згрижени во установата за вонсемејна грижа.
- Соодветен број на гласачки ливчиња колку што има избирачи од оваа категорија на гласачи.
- Празни пликови.
- Записници за секоја општина посебно.

## V. ГЛАСАЊЕ ВО УСТАНОВАТА ЗА ВОНСЕМЕЈНА ГРИЖА

1. За избирачите кои ќе гласаат во установите за вонсемејна грижа, изборите ги спроведува избирачкиот одбор од најблиското избирачко место или посебен избирачки одбор, еден ден пред денот определен за гласање. Избирачкиот одбор поставува привремено гласачко место во установата за вонсемејна грижа.

2. За гласањето се известуваат и претставниците на подносителите на листите заради нивно присуство на гласањето.

3. Избирачкиот одбор за избирачите кои гласаат во установите за вонсемејна грижа ќе им овозможи да гласаат на начин со кој се обезбедува тајноста на гласањето.

4. Избирачкиот одбор на гласањето во установите за вонсемејна грижа обезбедува посебна кутија за гласање која се носи празна во установата каде што е згрижен избирачот.

5. Гласачкото место се отвора во 07:00 часот.

6. Избирачкиот одбор ја следи постапката за гласање согласно Изборниот законик и упатствата на ДИК.

7. За ова гласање, избирачкиот одбор добива посебни изводи од Избирачкиот список.

8. Избирачот се потпишува во соодветниот посебен извод од Избирачкиот список.

9. Заедно со секое гласачко ливче, на гласачот му се дава и празен плик на кој е наведена општината каде што гласачот има живеалиште.

10. По завршеното гласање, гласачот го превиткува гласачкото ливче и пред членовите на избирачкиот одбор превиткано го става во посебен празен плик. Потоа, гласачот го затвора пликот и го спушта во гласачката кутија.

11. Гласачкото место се затвора во 19 часот. По претходна согласност на општинската изборна комисија, избирачкиот одбор може да го затвори гласачкото место и пред истекот на рокот, ако гласале сите избирачи запишани во изводите од посебните избирачки списоци.

12. За ова гласање избирачкиот одбор составува посебен записник од гласањето по листи на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија за избирачите кои гласаат во Посебната установа за вонсемејна грижа. *(Образец број 18а)*

13. По завршување на гласањето избирачкиот одбор ги поништува неупотребените гласачки ливчиња на начин што им го откинува долниот десен агол, ги прецртува по целата должина и ги става во посебни пликови на кои е наведена општината, се означува со ознака „неупотребени ливчиња" и на пликот го наведува бројот на неупотребени гласачки ливчиња.

14. Потоа, избирачкиот одбор ја отвора гласачката кутија, ги селектира пликовите по општини (без да ги отвори) и составува записник *(Образец бр.18а)* за секоја општина.

15. Неотворените пликови со употребени гласачки ливчиња, пликот со неупотребени гласачки ливчиња, посебниот извод од Избирачкиот список и записниците се пакуваат во голем плик за секоја општина посебно и на пликот се наведува името на соодветната општинска изборна комисија.

16. Вака спакуваниот гласачки материјал, избирачкиот одбор го предава на Општинската изборна комисија од која го добил материјалот.

## VI. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГЛАСАЧКИОТ МАТЕРИЈАЛ И СУМИРАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ГЛАСАЊЕТО

1. Општинската изборна комисија по приемот на гласачкиот материјал, истиот ден, веднаш, преку брза пошта го доставува до општинските изборни комисии каде што избирачите имаат постојано место на живеење.

2. Општинските изборни комисии ги сумираат резултатите од гласањето на лицата кои се згрижени во установите за вонсемејна грижа во посебен записник *(Образец бр.16ЗРД)* врз основа на доставениот гласачки материјал. Оваа постапка се спроведува откако ќе се прими целокупниот материјал за гласањето во таа општина. Потоа, сумираните резултати од гласањето на оваа категорија избирачи се внесуваат во записникот за сумирање на резултатите *(Образец бр. 21).*

## VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Ова упатство влегува во сила на денот на донесувањето и се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија.

**Број 10-783/1**
**08.03.2020 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**